До Државната комисија за спречување на корупцијата, доставено е Барање на мислење за постоење на потенцијален судир на интереси, со кое се бара мислење во врска со спроведување на проектот „Изработка на национална стратегија за авиација“ за кој Министерството за транспорт е институција корисник, а М-НАВ АД Скопје, ТАВ Македонија и Агенцијата за цивилно воздухопловство се крајни корисници на проектот. За наведениот проект спроведена е тендерска постапка за договор за услуги и во тек е евалуација на добиени понуди, по што при оценување на понудите се увидело дека една странска компанија понудува и предвидува во совојата понуда ангажирање на локален менаџер/клучен експерт-физичко лице од РСМ кој би имал активна улога и одговорност во подготовката на проектните резултати.
Имено, лицето кое ќе биде ангажирано исто така ја врши функцијата претседател на Надзорниот одбор на АД во државна сопственост, па согласно наведеното се бара мислење дали постои евентуален судир на интереси доколку истото лице би било активно вклучено во спроведување на договорот и испорачување на проектните резултати, а од друга страна истото лице врши функција и прима финансиски надомест во истата институција засегната со имплементација на договорот, која според проектната задача на договор е дел од целната група и дел од управувачката структура на проектот, со надлежности поврзани со спроведување на договорот, прегледување, коментирање, одобрување на резултатите.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

# МИСЛЕЊЕ

Согласно предвидените забрани и ограничувања со Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и одредбите кои го регулираат постапувањето во случај на постоење судир на интереси од истиот закон, не постои ограничување претседателот на Надзорниот одбор на АД во државна сопственост да биде ангажиран од страна на странска компанија како локален менаџер/клучен експерт за изработка на Национална стратегија за авијација во рамки на ИПА 2.

Државната комисија укажува од страна на претседателот на Надзорниот одбор на АД во државна сопственост, при извршувањето на работните активности како експерт, да се внимава да не дојде до прекршување на член 50 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, како и Начелото на интегритет предвидено со истиот закон .

Имено, со член 50 е предвидена забрана за злоупотреба на службени податоци кај службените лица при вршењето на јавните овластувања и службени должности и тоа:
„(1) Службено лице не смее да ги користи информациите со кои располага во вршењето на функциите, јавните овластувања и службените должности за остварување корист или предност за себе или за друг.
(2) Обврската од ставот (1) на овој член останува во рок од три години од денот на престанокот на функцијата, односно должноста, освен ако со закон е утврдено поинаку.
(3) Лицето од ставот (1) на овој член не смее да држи во тајност податоци што според овој или друг закон мораат да бидат објавени или да бара пристап кон податоци за кои знае дека не е овластен да ги добие или да се однесува несовесно кон чувањето на податоците што претставуваат тајна согласно со закон.“

Начело на интегритет: „(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.

(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице“.

Претседател,

Адем Чучуљ